ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.09-3659/14
25.07.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 03/2022**

1.За извршител на работно место:
- **Раководител на Одделение за буџетска контрола** во Одделение за буџетска контрола во Сектор за финансиски прашања, како прво рангиран кандидат се избира **Емил Николовски**, со освоени вкупно 39,05 бода.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место **Раководител на Одделение за буџетска контрола** во Одделение за буџетска контрола во Сектор за финансиски прашања по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**Образложение**

Во врска со Интерниот оглас бр.03/2022, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 11.07.2022 година за унапредување на административен службеник на работно место – Раководител на Одделение за буџетска контрола во Одделение за буџетска контрола во Сектор за финансиски прашања, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.09-3659/11 од 21.07.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, составува финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Градоначалникот.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.